**20260851296**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 став 1 алинеи 1 и 6 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22, 16/25 и 269/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 април 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ И ОБВРСКА НА ТРГОВЦИТЕ ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ И КОЛИЧЕСТВА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СПОРЕД ОПРЕДЕЛЕН РЕДОСЛЕД

Член 1

Со оваа одлука се определуваат посебните услови за трговија и обврската на трговците кои претставуваат правни лица кои се регистрирани за вршење дејност производство и за вршење дејност трговија на големо и на мало во соодветен регистар согласно со закон, да ги прибавуваат и продаваат следните стоки:

1) неоргански ѓубрива;
2) органски ѓубрива;
3) органо минерални ѓубрива;
4) биостимулатори и
5) подобрувачи на својства на почвата.

Член 2

Највисоката бруто профитна маржа за стоките од член 1 точка 1) од оваа одлука за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец се утврдува во вкупен износ до 5 % во трговијата на големо и во вкупен износ до 5 % во трговијата на мало.

Највисоката бруто профитна маржа за стоките од член 1 од точка 2) до точка 5) од оваа одлука за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец се утврдува во вкупен износ до 10 % во трговијата на големо и во вкупен износ до 10% во трговијата на мало.

Член 3

Трговците за вршење дејност трговија на мало имаат обврска стоките од членот 1 од оваа одлука, да ги прибавуваат и продаваат месечно на потрошувачите, во количина од најмалку 70% од просечните месечно прибавени количини во јануари, февруари и март 2026 година.

Трговците за вршење дејност производство и за вршење на дејност трговија на големо имаат обврска стоките од членот 1 од оваа одлука, да им ги продаваат месечно на трговците за вршење дејност трговија на мало, во количина од најмалку 70% од просечните месечно продадени количини во јануари, февруари и март 2026 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува до 31 мај 2026 година.

Бр. 57-3781/4
21 април 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.